**за објавување на Решението**
**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООУ,,Гоце Делчев ,, Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ,,Гоце Делчев,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.
2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/30** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва ( ,,Сл.Весник на РМ".бр.5/2002), а во врска со член 26 точка 4 од Законот за Основното образование (,,Сл. Весник на РСМ,, бр.161/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.8/05,14/10,24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на Статутот на ООУ,,Гоце Делчев ,, Кавадарци**

**Член 1**

Се дава позитивно мислење на Статутот на ООУ,, Гоце Делчев,, Кавадарци со арх.бр.02-564/2, донесен на Училишен Одбор на ОО ,, Гоце Делчев,, Кавадарци, на седница одржана на ден 30.12.2019 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-378/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението**
**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООУ,,Тоде Хаџи Тефов ,, Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ,, Тоде Хаџи Тефов ,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/31**
**31.01.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва ( ,,Сл.Весник на РМ".бр.5/2002), а во врска со член 26 точка 4 од Законот за Основното образование (,,Сл. Весник на РСМ,, бр.161/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.8/05,14/10,24/10,38/19),
Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООУ,,Тоде Хаџи Тефов ,, Кавадарци**
**Член 1**

Се дава позитивно мислење на Статутот на ООУ,, Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци со арх.бр.02-43/2, донесен на Училишен Одбор на ООУ ,,Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци, на седница одржана на ден 20.01.2020 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-378/31**
**29.01.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението**

**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООУ„Димката А Габерот ,, Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ,, Димката А Габерот,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/32**
**31.01.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва ( ,,Сл.Весник на РМ".бр.5/2002), а во врска со член 26 точка 4 од Законот за Основното образование (,,Сл. Весник на РСМ,, бр.161/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.8/05,14/10,24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање позитивно мислење на Статутот**

**на ООУ„Димката Ангелов Габерот ,, Кавадарци**

**Член 1**

Се дава позитивно мислење на Статутот на ООУ,, Димката Ангелов Габерот,, Кавадарци со арх.бр.02-53/1, донесен на Училишен Одбор на ООУ ,, Димката Ангелов Габерот ,, Кавадарци, на седница одржана на ден 24.01.2020 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-378/32**
**29.01.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението**
**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООУ,,Димката А Габерот ,, с.Ваташа**

1.СЕ ОБЈАВУВА Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ,, Димката А Габерот,, с.Ваташа, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/33**
**31.01.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва ( ,,Сл.Весник на РМ".бр.5/2002), а во врска со член 26 точка 4 од Законот за Основното образование (,,Сл. Весник на РСМ,, бр.161/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.8/05,14/10,24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООУ,,Димката Ангелов Габерот ,,с.Ваташа**

**Член 1**

Се дава позитивно мислење на Статутот на ООУ,, Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа со арх.бр.02-40/5 , донесен на Училишен Одбор на ООУ ,, Димката Ангелов Габерот ,, с.Ваташа, на седница одржана на ден 24.01.2020 година.

**Член 2**

Реченението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-378/33**
**29.01.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението**
**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООМБУ,,Лазо Мицев Рале,, Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Решението за давање позитивно мислење на Статутот на ООМБУ,,Лазо Мицев Рале,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/34**
**31.01.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва ( ,,Сл.Весник на РМ".бр.5/2002), а во врска со член 26 точка 4 од Законот за Основното образование (,,Сл. Весник на РСМ,, бр.161/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.8/05,14/10,24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за давање позитивно мислење на Статутот на ООМБУ,,Лазо Мицев Рале,, Кавадарци**

**Член 1**

Се дава позитивно мислење на Статутот на ООМБУ,,Лазо Мицев Рале,, Кавадарци со арх.бр.02-38/5-1, донесен на Училишен Одбор на ООМБУ,,Лазо Мицев Рале,, Кавадарци, на седница одржана на ден 23.01.2020 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-378/34**
**29.01.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**

**за ажурирање процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за ажурирање процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/35** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(,,Службен Весник на Република Македонија,, бр.5/2002), по Иницијатива со дел.бр.17/14/1 од 15.01.2020 година за ажурирање на процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности од Влада на Република Северна Македонија - Центар за управување со кризи Кавадарци, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

### за ажурирање процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности

**Член 1**

Да отпочнат активностите за ажурирање на процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности.

Активностите за ажурирање на процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности со субјектите од ситемот за управување со кризи на локално ниво се коодинираат од Регионалниот Центар за управување со кризи Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-378/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението**

**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови**
**на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/36**
**31.01.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/02),, а во врска со член 372 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата (,,Сл.Весник на РМ,, бр.169/15, 55/16, 226/17, 11/2018) , член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005, 14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**Изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови**
**на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

**Член 1**

Во Решение за разрешување и именување членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата бр.08- 6310/17 од 14.11.2018 година , се врши следното дополнување:

За членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, дополнително се именуваат:
-Диме Крстев
-Димитар Митрев

**Член 2**

Мандатот на именуваните трае заклучно со мандатот на членовите кои претходно се именувани во Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со Решение бр.08- 6310/17 од 14.11.2018 година.

**Член 3**

Решението да се достави до именуваните, Градоначалникот и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-378/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**

**за давање согласност за приватизација на кп.бр.3909**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за приватизација на кп.бр.3909, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/37** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002), и член 132 став 1 член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за приватизација на кп.бр.3909**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци дава согласност за приватизација на недвижен имот со кп.бр.3909 м.в.С.Пинџур култура - нива КО Ваташа во површина од 7564 м2, запишан во Имотен лист бр.3493 издаден од Агенцијата за катастар на недвижности со дел.бр.1105-16032/2019 од 06.12.2019 година, на кој имот во корист на општината е воспоставена службеност за поставување на водоводна линија за снабдување со вода на високата зона во град Кавадарци.

**Член 2**

Согласноста се дава со цел непречено приватизирање на недвижниот имот опишан во член 1 од оваа одлука на лицето Димов Никола од Ваташа ул.„Страшо Пинџур“бр.202, согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

**Член 3**

Со оваа согласност да не се врши никаква промена во воспоставената службеност во корист на општината на предметниот недвижен имот со кп.бр.3909 КО Ваташа.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-378/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок**

**за усвојување на Програмата за одбележување на Празникот на лозарите„Св.Трифун 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Програмата за одбележување на Празникот на лозарите„Св.Трифун 2020 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-654/38** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадараци„ бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19), расправајќи по Програма за одбележување на Празникот на лозарите„Св.Трифун 2020 година„ од организаторот „Иновативa Груп,ДОО од Скопје,

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за одбележување на Празникот на лозарите„Св.Трифун 2020 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за одбележување на Празникот на лозарите„Св.Трифун 2020 година„ со арх.бр.10-52/10 од 27.01.2020 година, од организаторот „Иновативa Груп„ ДОО од Скопје.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-378/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци**
**во областа на спорт и млади во 2019 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/39** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадараци,, бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19), расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година,

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци**

**во областа на спорт и млади во 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-378/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.01.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програмата за активностите на Општина Кавадарци**
**во областа на спорт и млади во 2020 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/40** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци ),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.02.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2020 година**

**ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2020 се :

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во градот;

- Создавање на услови за реализирање на спортско рекреативните активности на граѓаните , особено младите и здруженијата од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Кавадарци како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа ;
- Афирмација на Општина Кавадарци во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

**АКТИВНОСТИ**

Креирањето и финансирањето на програматаза активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади е врз основа на Правилник за начинот, постапката и критериумите за финасирање на програми, проекти, натпревари и манифестациииод областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци бр.07-873/29 од 28.02.2014 година(„Сл.гласник на Општина Кавадарци „ бр13/2014).

За реализирање на целите на ова Програма Општина Кавадарци ќе ги превземе сите активности и ке ги стави на располагање сите свои човечки и технички ресурси.

Во контекст на ова активностите најмогу ке се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации , развивање на масовниот спорт, подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и ја афирмираат Општина Кавадарци во државата и надвор од неа.

Распределбата на средствата е извршена врз основа на Јавниот повик за прибирање на апликации за финансиска подршка од буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година, наменети за спортски клубови, професионални клубови регистрирани на 16/1/ од 02.01.2020 година и тоа на следните апликанти :

| АПЛИКАНТ | Финансиски средства |
|---|---|
| 1.ГФК Тиквеш 1930 | 5 000 000 ден. |
| 2.ГРК Тиквеш 2014 | 1 000 000 ден. |
| 3.ЖКК Трокал | 900 000 ден. |
| 4.Традиционално карате клуб Кавадарци | 800 000 ден. |
| 5.Атлетски клуб Кавадарци | 60 000 ден. |
| 6.Џудо клуб Кожувчанка | 80 000 ден. |
| 7.РК Тиквеш Јуниори 2012 | 100 000 ден. |
| 8.Карате Клуб Тиквеш Кавадарци | 95 000 ден. |
| 9.Кик бокс клуб БУДО | 75 000 ден. |
| 10.Стрелачки клуб Кавадарци | 70 000 ден. |
| 11.Карате клуб Енерџи ОСС | 60 000 ден. |
| 12.Кошаркарски Клуб Академик | 60 000 ден. |
| 13.Тениски клуб Црна Река | 50 000 ден. |
| 14.Карате клуб САН САИ | 100 000 ден. |
| 15. Гимнастички клуб ПАРТИЗАН – СРНИ | 130 000 ден. |
| 16. Општински сојуз на училишен спорт | 90 000 ден |
| 17.КК ЕЛЕН ЕДЕН | 125 000 ден. |
| 18.Кошаркарски клуб Јасмин | 130 000 ден. |
| 19.Спелео нурекачки клуб ВРЕЛО | 60 000 ден. |
| 20.Рибари Оскар | 60 000 ден. |
| 21.Нинџицу клуб Татсуџин | 90 000 ден. |
| 22. ЖКК Про баскет -Бал | 60 000 ден. |
| 23. Пинг-понгарски клуб Кавадарци | 40 000 ден. |
| 24. Атлетски клуб ТИКВЕШ | 60 000 ден |
| 25.Кошаркарски Клуб Спортисимо Баскет | 60 000 ден. |
| 26.Аеро клуб Витачево | 50 000 ден. |
| 27. П.С.Д Орле | 70 000 ден. |
| 28.Здружение Тиквешки Точакџии | 50 000 ден. |
| 29. ПК Зелен брег | 40 000 ден. |
| 30.КК Ронин КАИ КАН | 60 000 ден. |
| 31. ФК Марена | 400 000 ден. |
| 32.ФК Сопотско поле | 30 000 ден. |
| 33.Атлетски клуб ОЛИМПИЈА | 135.000 ден. |
| 34.ФК Габер Ваташа | 90 000 ден. |
| 35.Боди билдинг Екстрим Џим 2012 | 60 000 ден. |
| 36.Кик бокс клуб Кавадарци | 80 000 ден |
| 37.Мередијан атлетик Еко Кавадарци | 50 000 ден. |
| 38.КМФ Клими | 50 000 ден. |
| 39.ТИКВЕШКИ ДЕЛФИН | 50.000 ден. |
| 40.Фитнес клуб БУДО | 60.000 ден. |
| 41.ФК Ваташа | 30.000 ден. |
| 42.Одбојкарски клуб ТИКВЕШ ВОЛЕЈ | 140.000 ден. |
| **ВКУПНО** | **10 800 000,оо денари** |

**2.** Манифестации , турнири и проекти :
-“Алшар 2019”;

-“Избор на спортист за 2019”;
-“Полу ноќен маратон 2019” и
-“Мото Собир“ во чест на 12 Ваташки Другари ,
-„Февруарски поход“
-„Сестри Китеви“
-„Тотов“
- „Сашко Нешковски“
-„Ристо Танев “
-„Јубилер 50 – години Карате “
-„Мастерс “
„Избираме млади таленти“
-„Опен Фан “
-„Стрит баскет“

заедно со административни трошоци за работа во вкупен финансиски износ од 1.000 000 денари ке се реализираат од Буџетот на Општина Кавадарци- Програма Спорт преку Сојуз на спортови.

**3.**
За награди за освоени медали на Баклански, Европски и Светски првенства и учество во репрезентација на колективните спортови во сите категории за претходната година ке се издвојат средства во висина од 100 000 од Буџетот на Општина Кавадарци- Програма спорт преку Сојуз на спортови.

**4.**
За надомест кон ЈП Јасмин за одржување на спортски манифестации и турнири ке се издвојат вкупно финансиски средства во висина од 100.000 денари Буџетот на Општина Кавадарци- Програма Спорт преку Сојуз на спортови.

**5.**
За развој на колективниот спорт во градот (фудбал и ракомет) како и за постигнати врвни резултати во спортско ректеативни активности и изработка на Проект на Историјат за спортот ке се издвојат финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци- Програма Спорт и млади за 2020.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финасирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Кавадарци .

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства Општина Кавадарци спортските манифестации ќе ги помага и со :

-почесно покровителство

-доделување на награди и признанија

-обезбедување стручна техничка и други видови на помош.

Општината на младите ќе им помага преку :

-организирање на трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес

-организирање на кампање за потенцирање на здравиот начин на живот

-организрање на анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила (8) осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци "

**Бр.08-378/40**
**29.01.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Локален акциски план и Програма за родова рамноправност**

1. СЕ ОБЈАВУВА Локален акциски план и Програма за родова рамноправност, донесени на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 29.01.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-654/41**
**31.01.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01. 2020 година, донесе

**Локален акциски план и Програма за родова рамноправност**

Содржина:

1.Вовед
2.Основни поими и терминологија
3.Приоритетни области на работа
4.Дефинирани цели
5. Активности
6.Мониторинг и евалуација

**1.Вовед:**

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човечко справо претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај уставот,родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок:

- Декларација за правата на човекот (1948)
- Меѓународна конвенција за политички права на жените- еднакви права за двата пола ( 1952 год.)
- CEDAW Конвенција на ООН- конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 год.)
- Пекиншката декларација и платформата за акција- рамноправност, развој и мир ( 1995 г.)
- Член 9, Устав на Република Македонија- граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба:
- Закон за спречување и заштита од дискриминација/ (Службен Весник на РМ бр.6/2012, 166/2014 и 150/2015)
- Закон за заштита од вознемирување на работно место ( Службен Весник на РМ бр. 20/3
- Стратегија за родова еднаквост 2013-2020 донесена на 20 Февруару, 2013 од Собранието на Р.М. и
- Националниот план за акција за родова рамноправност, стратешки документ на Владата на Република Македонија.

**2.Основни поими и терминологија**

Пекиншка декларација и Платформа за акција

На четвртата Светска конференција за жената, организирана од ОН во Пекинг, НР Кина, во септември 1955 година, беа донесени Декларација( позната како Пекиншка декларација) и Платформа за акција.
Со прифаќањето на Пекиншката декларација и Платформата за акција, меѓународната заедница се обврза за подобрување на статусот на жените и нивно згрижување во јавниот и приватниот живот. Земјите членки на ООН се обврзаа на имплементација на Платформата за акција која опфаќа области од посебен интерес за жените. Областите се однесуваат на жените и на сиромаштијата, образованието и здравјето, насилството, жените во вооружаните конфликти, жените и економијата, жените и моќта и учеството во процесите на донесување одлуки, институционалните механизми за зајакнување на жените, жените и човековите орава, жените и медиумите, жените и животната средина, грижата за женските деца.

Родова рамноправност

Родовата рамноправност значи праведност при пристапување со мажите и со жените во согласност со нивните лични потреби, праведност, особено во врска со правата, придобивките, обврските и можностите . Родовата рамноправност е засегната со унапредување на личноста, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за сите.

Родова еднаквост

Родовата еднаквост значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите, се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како машки или како женски.Таа е заснована на принципите на човековите права и социјална правда. Јасно е признато дека дека родовата еднаквост и зајакнувањето на жените се суштински за упатување кон главната грижа на сиромаштијата и несигурноста и за достигнување на одржлив развој со човекот како центар.

Еднакви можности за жените и мажите отсуството на пречки за економско политичко и социјално учество врз основа на полот. Тоа значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите праава и во развојот на нивните индивидуални потенцијали, преку кои тие придонесуваат во општествениот развој и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

Родова перспектива

Родова перспектива е гледиште кон родовите разлики во секоја дадена политичка област/активност. Општо прифаќање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планиранбо дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиката и програмите во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за прашањата и за искуствата на жените и на мажите во настојувањето да станат интегрална димензија на дизајнирањето спроведувањето, следење и евалуација на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, така што жените и мажите ќе имаат еднакви придобивки и нема да се продолжува со нееднаквост. Крајна цел е да се постигне родова рамноправност.

Родова процена на влијание

Проценувањето на политичките предлози на сите различни влијанија врз мажите и мжените со намера да се идентификува дека дискриминаторските ефекти с неутрализирани и дека е спроведена родова еднаквост.

Родова чувствителност

Способноста да се сфати и посочи постоењето на родовите разлики, проблеми и нееднаквости и истите да се инкорпорираат во стратегии и акции за нивно надминување.Вклучување на родовата рамноправност во правните текови, политики и практики ( gender mainstreaming) претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики- притоа имајќи го во предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите. Тоа значи проценка на тоа како политиките влијаат врз животот и местото на жената и мажот и преземаат одговорност истите да се адресираат со создавање простор за секого, од ниво на семејната заедница до ниво на поширoката заедница, да придонесатво тој процес на градење заедничка и разбрана визија за постигнување одржлив развој, притоа преточувајќи ги тие политики во реалноста. За да се постигне ова, неопходно е високо ниво на политичка волја, посветеност и разбирање низ сите структури и сфери во општеството.

Родово буџетирање

Родовото буџетирање е одраз на политичката вољa и преземени чекори во постигнувањето на родовата рамноправност со примена на практиките на вклучување на родовите

перспективи во процесите на буџетирање. Ова не имплицира само посебни буџети за жените, туку значи проценка на буџетите од аспект на родовата рамноправност и вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во процесите на буџетирање.

Зајакнување

Зајакнувањето се однесува и на мажите и на жените и претставува колективен потфат кој бклучува и индивидуална промена и колективцна акција. Зајакнување на жените значи развивање на нивната способност колективно и индивидуално да превземат контрола над своите животи, да ги идентификуваат своите потреби, да ги одредат интереесите кои им одговараат. Во повеќето случаи зајакнувањето на жената бара трансформацијата на поделбата на трудот и општеството.

Законот за еднакви можности од 2012 година има за цел да ги уреди основнитеи посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, како и надлежностите, задаачите и обврските на одговорните субјекти за нивно обезбедување.

Еднакви можности

Терминот еднакви можности значи промовирање на челото за еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во оставрувањето на сите права во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие се остваруваат во општествениот живот.

Еднаков третман

Еднаков третман значи отсуство на директна и индиректна дискриминација врз основа на пол согласно со овој и друг закон

- Дискриминација по основ на пол
- Директна и индиректна дискриминација
- Вознемирување по основ на пол
- Сексуално вознемирување
- Потполна еднаквост на жените и мажите
- Еднаква заштита на жени и мажи
- Вклучување на родовите перспективи во главните текови
- Видови мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите
    - Основни мерки
    - Посебни мерки
    - Позитивни мерки
    - Охрабрувачки мерки
    - Програмски мерки
- Правна заштита на правото на еднаков третман на жени и мажи

-Заштитата се остварува со поднесување претставки пред:

- Правен застапник согласно овој закон
- Народен првобранител
- Комисија за заштита од дискриминација или надлежен суд.

Овој акциски план за родова рамноправност на општина Кавадарци е изработен во согласност со Стратегијата за родова еднаквост 2012-2020 донесена на 20 февруари од Собранието на Р. Македонија и Националониот План за акција за родова рамноправност, стратешки документ на Владата на Р. Македонија, која ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите во Република Северна Македонија.

Локалната власт има клучна улога во намалувањето на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество. Комисијата за еднакви можности /КЕМ како постојано работно тело при Советот на Општина Кавдарци е утврдена со Статутот на Општина Кавадарци

Мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на општината е четири години.

Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е битно локалната власта целосно да ја земе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување организација и практично работење. Во денешницата и во иднината, вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените е исто така клучот за нашиот економски и социјален успех не само на локално, туку и на национално ниво.
Основната цел на овој документ е да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност.

Приоритетни области на работа
Шест стратешки области на дејствување и тоа:
1.Човекови права- недискриминација
Унапредувањето на човековите права на жената и родовата еднаквост е трајна задача на сите општествени фактори. Република Северна Македонија, согласно со своите устовни определби но и како земја кандидат за ЕУ, во изминативе години презеде бројни активности на законодавен и функционален план за унапредување на севкупната состојба со човековите права, а во тој правец и на правата на жената и унапредувањето на родовата еднаквост.
Затоа неопходно е континуирано да се работи на информирањето и едукацијата за правата на ѓената и родовата еднаквост, запознавање со законската легислатива за заштита на тие права преку спроведување на кампања и многубројни активности насочени кон подигнување на свеста и знаењто на јзвноста за дискриминација по основ на пол, со цел за воспоставување на општество на еднакви можности и отстранување на сите облици на дискриминација.

**2. ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ГРИЖА НА ЖЕНАТА ЗА СОПСТВЕНОТО ЗДРАВЈЕ**

Здравјето е фундаментално човеково право. Секој има право на највисоко ниво на физичко и ментално здравје. Во Република Северна Македонија во последните години се посвети огромно внимание на здравјето на жените и се подготвуваат иимплементираат различни програми , но статистиките и понатаму му покажуваат по однос на малигните заболувања за висока стапка на морталитет од заболување на рак на дојката и матка кај жената ненавремено откривање во раната фаза, кога шансите за излекување се поголеми.
Затоа со цел за превенција и заштита на здравјето на жената и понатаму неопходно е континуирано подигнување на свеста на жените за грижа за сопственото здравје, вклучително репродуктивното здравје, планирање на семејство и сексуално здравјепреку спроведување на кампања, едукативни предавања и други многубројни активности.

**3. ЖЕНАТА И ОДЛУЧУВАЧКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА**

Родовиот јаз во стапките на активност и вработеност, родовата сегрегација на професиите/ на хоризонталном и вертикално ниво, пониското учество на жените на позицииите на одлучување и моќ, остануваат предизвици кои ќе бидат земени во предвид, како приоритетни во период кој следи, со цел за унапредување на родовата еднаквост во општеството и економското живеење.

**4. ЖЕНАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД:**
Учеството на жената на пазарот на труд претставува една од клучните области за подобрување и постигнување на еднаквоста во рамките на родовото движење воопшто. Квалитетниот аспект на рамноправност по однос на пазарот на трудот во себе содржи неколку сегменти: Квалитетни работни места за жените за да се постигне економска независност на жените. Квалитетни сервиси за усогласување на работата и приватниот жувот, борба со стереотипите, зајакнување на институционалните механизми во поддршката на политичките обврски и имплементација на легислативата. Повеќе и подобри работи места е стратешка цел која е во основата на Лисабонската агенда.

**ЖЕНАТА КАКО ДОМАЌИНКА, ЗЕМЈОДЕЛКА И СТОЧАРКА**

Евидентна е потребата од подигнување на свеста на жената за нејзината улога како домаќинка- земјоделка и сточарка, нискиот степен на самодоверба и економска зависност, ја

ставаат во подредена положба во семејството и заедницата, бидејќи таа и другите не и го вреднуваат големиот процент учество во неплатениот труд, односно жената не е свесна за вредноста и вреднувањето на неплатената работа во домот и семејството.

## 5. РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО

